за Услови за планирање на просторот

1. Со ова Решение на **Министерство за транспорт и врслки** се издаваат **Услови за планирање на просторот за изградба на градби за производство на електрична енергија од обновливи извори – фотоволтаична електрана (ГП 4) со капацитет поголем од 1 MW, КО Сушица, Општина Ново Село.**

Согласно Предлог проектната програма тех.број: 04-05/2022, јуни 2022 и ажурираната геодетска подлога, планскиот опфат за ГП4 е формирана од катастарски парцели КП наведени во истата и површината на планскиот опфат изнесува 7,1 ha.

Видот на планската документација да се усогласи со Законот за урбанистичко планирање и Правилникот за урбанистичко планирање.

Условите за планирање на просторот треба да представуваат влезни параметри и насоки при планирањето на просторот и поставување на планските концепции и решенија по сите области релевантни за планирањето на просторот во соодветниот плански документ, во согладност со Просторниот план на Република Македонија.

Министерство за животна средина и просторно планирање
на Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица" бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија

Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit
hapësinor e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. "Presveta Bogorodica" nr. 3, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk

2. Условите за планирање на просторот од точка 1 на ова Решение, изработени од Агенцијата за планирање на просторот со тех.бр. **Y24422** се составен дел на Решението.

3. Услови за планирање на просторот за изградба на градби за производство на електрична енергија од обновливи извори – фотоволтаична електрана (ГП 4) со капацитет поголем од 1 MW, КО Сушица, Општина Ново Село, содржат општи и посебни одредби, насоки и решенија со обврзувачка активност од планската документација од повисоко ниво и графички прилози кои претставуваат Извод од планот.

4. При изработка на планската документација локациите за сите содржини треба да се бараат исклучиво на површини од послаби бонитетни класи. Приоритет е заштита на земјоделското земјиште, а особено стриктно ограничување на трансформацијата на земјиштето од I-IV бонитетна класа за неземјоделско користење, како и зачувување на квалитетот и природната плодност на земјиштето.

5. Со цел да се обезбеди заштита и унапредување на животната средина при изработка на предметната документација за изградба на градби за производство на електрична енергија од обновливи извори – фотоволтаична електрана (ГП 4) со капацитет поголем од 1 MW, КО Сушица, Општина Ново Село, потребно е да се почитуваат одредбите пропишани во Законот за животна средина ("Сл.весник на РМ" бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16 и 99/18) како и подзаконските акти донесени врз основа на истиот.

6. Органот кој го подготвува планскиот документ е должен да донесе Одлука за спроведување или Одлука за не спроведување на стратегиска оцена во која се образложени причините за спроведувањето, односно не спроведувањето согласно со критериумите врз основа на кои се определува дали еден плански документ би можел да има значително влијание врз животната средина и врз здравјето на луѓето.

Министерство за животна средина и просторно планирање
на Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица" бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија
Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit
hapësinor e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. "Presveta Bogorodica" nr. 3, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut
+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk

СЕКТОР ЗА ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ

При донесувањето на Одлука за спроведување или Одлука за не спроведување на стратегиска оцена за предметната документација за изградба на градби за производство на електрична енергија од обновливи извори – фотоволтаична електрана (ГП 4) со капацитет поголем од 1 MW, КО Сушица, Општина Ново Село, задолжително да се земат во предвид насоките за потреба од спроведување на Стратегиска оцена на влијанието врз животната средина, како и забелешките и заклучоците од секторските области опфатени со Просторниот план на Република Македонија.

ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Министерство за транспорт и врски, врз основа на член 42 став 4 од Законот за урбанистичко планирање ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 32/20), со постапка бр. 43307 од 20.05.2022 год. до Агенцијата за планирање на просторот, преку електронскиот систем е-урбанизам, достави барање за издавање на Услови за планирање на просторот за изградба на градби за производство на електрична енергија од обновливи извори – фотоволтаична електрана (ГП 4) со капацитет поголем од 1 MW, КО Сушица, Општина Ново Село. Согласно Предлог проектната програма тех.број: 04-05/2022, јуни 2022 и ажурираната геодетска подлога, планскиот опфат за ГП4 е формирана од катастарски парцели КП наведени во истата и површината на планскиот опфат изнесува 7,1 ha.

Согласно член 42 став 8 од Законот за урбанистичко планирање ("Сл. весник на РСМ" бр. 32/20), Агенцијата за планирање на просторот ги изработи Условите за планирање на просторот за изградба на градби за производство на електрична енергија од обновливи извори – фотоволтаична електрана (ГП 4) со капацитет поголем од 1 MW, КО Сушица, Општина Ново Село ги достави до Министерството за животна средина и просторно планирање под бр. УП1-15 1398/2022 од 21.07.2022 година.

Министерство за животна средина и просторно планирање
на Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица" бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија
Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit
hapësinor e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. "Presveta Bogorodica" nr. 3, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut
+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk

СЕКТОР ЗА ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ

Врз основа на горенаведеното, а согласно член 88 од Законот за општа управна постапка ("Сл. весник на РМ" бр. 124/15 и 76/20), Министерството за животна средина и просторно планирање го донесе ова Решение на Услови за планирање на просторот за изградба на градби за производство на електрична енергија од обновливи извори – фотоволтаична електрана (ГП 4) со капацитет поголем од 1 MW, КО Сушица, Општина Ново Село и одлучи како во диспозитивот.

Упаство за правно средство: Против ова Решение засегнатата јавност и органот кој го подготвува планскиот документ може да изјави жалба во рок од 15 (петнаесет) дена од денот на приемот на ова Решение до Државната Комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.

ПО ОВЛАСТУВАЊЕ НА МИНИСТЕР
РАКОВОДИТЕЛ НА СЕКТОР
Nebi Rexhepi

Изготвил: Дајана Марковска Ристеска
2. Мар 4
Одобрил: Соња Фурнаџиска

Министерство за животна средина и просторно планирање
на Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица" бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија

Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit
hapësinor e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. "Presveta Bogorodica" nr. 3, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk

ТЕКСТУАЛЕН ДЕЛ

2.ТЕКСТУАЛЕН ДЕЛ

ВОВЕД

Проектната програма за **Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за ГП 4 со намена Е1.13 – Градби за производство на електрична енергија од обновливи извори - фотоволтаична електрана, со капацитет поголем од 1MW во КО Сушица, Општина Ново Село** се изработува врз основа на член 58, став (6) од Законот за урбанистичко планирање („Сл.весник на РСМ“ бр.32/2020) и член 60, точка 1 од Правилникот за урбанистичко планирање („Сл.Весник на РСМ“ бр.225/20, 219/21 и 104/22) во однос на содржината.

Локацијата од проектниот опфат на оваа проектна програма до сега не била предмет на уредување со урбанистички план. Поради тоа, во согласност со законот задолжително е да се обезбедат се **Услови за планирање на просторот за изградба на градби за производство на електрична енергија од обновливи извори-фотоволтаична електрана (ГП4), КО Сушица, Општина Ново Село со тех.бр У24322 од јули 2022 година** изработени од Агенцијата за планирање на просторот и **Решение за услови за планирање на просторот бр.УП1-15 1398/2022 од 04.08.2022 година**, издадено од Министерството за животна средина и просторно планирање.
Условите за планирање содржат општи и посебни услови, насоки и решенија од планската документација од повисоко ниво и графички прилози од Просторниот план како највисок стратешки, интегрален и долгорочен развоен документ, заради утврдување на рамномерен и одржлив просторен развој на државата, определување на намената како и уредувањето и користењето на просторот.
Изградбата на градби за производство на електрична енергија од обновливи извори - фотоволтаична електрана ќе биде во функција на одржливиот развој преку производство на енергија од обновливи извори (сончева енергија).
Изградбата на фотоволтаичната електрана воедно ќе овозможи поефикасно снабдување на населбите со електрична енергија, што е особено значајно за оние кои немаат соодветно квалитетно снабдување. Преку воведување алтернативни извори на енергија се овозможува заштеда на необновливите извори на енергија што е еден ос основните приоритети на одржливиот развој.

Како основа за изработка на **Урбанистичкиот проект вон опфат на урбанистички план за ГП 4 со намена Е1.13 – градби за производство на електрична енергија од обновливи извори - фотоволтаична електрана со капацитет поголем од 1MW во КО Сушица, Општина Ново Село** ќе се применуваат:

- Услови за планирање на просторот за изградба на градби за производство на електрична енергија од обновливи извори-фотоволтаична електрана

(ГП4) со капацитет поголем од 1MW, КО Сушица, Општина Ново Село со тех.бр У24422 од јули 2022 година и Решение за услови за планирање на просторот бр.УП1-15 1398/2022 од 04.08.2022 година, издадено од Министерството за животна средина и просторно планирање.

- Податоците од ажурирана геодетска подлога изготвена од овластена фирма и други специјализирани карти со податоци;

- Податоците, информациите и мислењата обезбедени од органите, институциите, установите и правни лица кои вршат јавни надлежности од член 47 од Законот за урбанистичко планирање („Сл.весник на РСМ“ бр. 32/2020);

- Методологијата утврдена со одредбите на **Законот за урбанистичко планирање, („Сл.Весник на РСМ“ бр.32/20)**, **Правилникот за урбанистичко планирање („Сл.Весник на РСМ“ бр.225/20, 219/21 и 104/22)** во согласност со други релевантни законски и подзаконски прописи и нормативи од областа.

2.1. ОПИС НА ПРОЕКТНИОТ ОПФАТ

Проектниот опфат апроксимативно зафаќа површина од **7,1 ха** или 70591,65 м2 и е лоциран во југоисточниот регион. Административно влегува во границите на **Општина Ново Село** и е во целост неурбанизирано и неизградено земјиште составено од катастарски култури - „ниви“. Го карактеризира добра сообраќајна поврзаност со мрежата на државни патишта на Република Северна Македонија.

До локацијата се пристапува преку селото Сушица, кое се наоѓа северно од проектниот опфат а директен пристап е обезбеден од КП 5613 со катастарска култура „јавен пат“ која тангира со источната граница на проектниот опфат.

Границите на проектниот опфат се совпаѓаат со следните катастарски парцели и природни и создадени зададености на теренот во согласност со Правилникот за урбанистичко планирање („Сл.Весник на РСМ“ бр.225/20, 219/21 и 104/22):

На север границата на проектниот опфат се совпаѓа со северните граници на КП 3968, па се спушта јужно по северен правец по источните граници на КП3968 И КП 3967, па продолжува по северен правец по северните граници на КП 3957, КП 3958 и КП 3959 и КП 3960, КО Сушица. На исток границата се движи по осовината на потојниот земјен пат па скршнува на запад движејќи се во источен правец по јужните граници на КП 3960 и КП 3959 па скршнува јужно по источната граница на КП 3949, продолжува во источен правец по северните граници на КП 4095 и КП 4103, потоа во правец кон југ продолжува да се движи по осовината на постојниот земјен пат се до КП 4099 и КП 4098 кои ги сече па продолжува по границите на КП 4097 па се совпаѓа со источната и јужната граница на КП 4593. Проектниот опфат кон југ и југозапад се совпаѓа со јужните граници на КП 4593 и КП 4594, југозападната граница на КП 4596. На запад границата на проектниот опфат се движи по границите на следните катастарски парцели: 4597, 4090, 4091, 4092, 3953, 3954, 3955, 3956, 3957 и 3958 односно до почетната точка.

На овој начин е формирана полигонална затворена линија со прекршочни точки со следните координати:

X=7654198.3242	Y=4588521.9232
X=7654197.5650	Y=4588538.5135
X=7654197.6327	Y=4588546.5857
X=7654197.9764	Y=4588571.4634
X=7654146.3100	Y=4588581.3000
X=7654104.3000	Y=4588589.1200
X=7654112.7800	Y=4588631.3000
X=7654113.7900	Y=4588632.7000
X=7654140.0600	Y=4588629.3600
X=7654190.5184	Y=4588620.0353
X=7654191.4011	Y=4588626.8650
X=7654192.0326	Y=4588631.5106
X=7654189.3550	Y=4588645.5000

X=7654186.4174 Y=4588657.2277
X=7654181.0650 Y=4588671.5900
X=7654176.6900 Y=4588672.5000
X=7654148.9900 Y=4588679.1500
X=7654091.1000 Y=4588694.6500
X=7654083.4300 Y=4588697.6700
X=7654049.2900 Y=4588707.3100
X=7654016.2400 Y=4588717.2800
X=7654018.9300 Y=4588737.0500
X=7654020.3300 Y=4588742.8700
X=7654023.0600 Y=4588755.8300
X=7653967.2600 Y=4588771.6500
X=7653967.8300 Y=4588763.0400
X=7653968.4000 Y=4588755.9200
X=7653972.7700 Y=4588750.1400
X=7653962.9000 Y=4588723.6800
X=7653958.7000 Y=4588716.7300
X=7653957.5000 Y=4588712.1100
X=7653959.3300 Y=4588709.5400
X=7653957.0100 Y=4588700.6000

2.2. ПРОЕКТНИ БАРАЊА ЗА ГРАДБИТЕ ВО РАМКИТЕ НА ПРОЕКТНИОТ ОПФАТ

Во согласност со класификацијата на намени уредена во членот 77 од Правилникот за урбанистичко планирање („Сл.Весник на РСМ“ бр.225/20, 219/21 и 104/22) во рамки на проектниот опфат се предвидува наменската употреба на земјиштето, а таа е од групата на класи на намена **Е - инфраструктура, класа Е1-сообраќајни, линиски и други инфраструктури, поединечна намена Е1.13 - фотоволтаична електрана**.

Во согласност со членот 80 од Правилникот за урбанистичко планирање („Сл.Весник на РСМ“ бр.225/20 и 219/21) се предвидува и реализација на комплементарни класи на намена на намената **Е1.13 - фотоволтаична електрана** како дејности или активности кои ќе може да се вршат на истиот простор како дополнување, функционално комплетирање и остварување на основната намена на градбата или активности кои служат за поквалитетно одвивање на основната намена без да се менува нејзиниот карактер и во одредени случаи овозможуваат остварување и употреба на основната намена.

Покрај наведената фотовотаична електрана, урбанистичкиот проект треба да овозможи избор на можности за реализација на останати комплементарни намени во функција на основната класа на намена, исто така во согласност со Правилникот за урбанистичко планирање („Сл.Весник на РСМ“бр.225/20, 219/21 и 104/22).

Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за ГП 4 со намена Е1.13 – Градби за производство на електрична енергија од обновливи извори - фотоволтаична електрана, со капацитет поголем од 1MW во КО Сушица,

Општина Ново Село во целост треба да предвиди мерки за заштита и унапредување на животната средина, природното и културното наследство, мерки за заштита од пожари, од атмосверски непогоди, мерки за заштита и спасување, од свлекување на земјиштето, радиолошка хемиска и биолошка заштита, од воени разурнувања и други природни катастрофи.

2.3. ПРОЕКТНИ БАРАЊА ЗА ИНФРАСТРУКТУРАТА

До локацијата се пристапува преку селото Сушица, кое се наоѓа северно од проектниот опфат а директен пристап е обезбеден од КП 5613 со катастарска култура „јавен пат“ која тангира со источната граница на проектниот опфат.
Влезот во локацијата се предвидува преку постоечки земјан пат лоциран на источната страна на проектниот опфат.
Димензионирањето како и бројот на потребните паркинг места да се определи во согласност со Правилникот за урбанистичко планирање („Сл.Весник на РСМ“ бр.225/20, 219/21 и 104/22).

Напојувањето на комплексот со електрична енергија, вода и телекомуникации ќе се овозможи според дадените податоци, информации и мислења од надлежните претпријатија и институции.

Сите водови ќе се водат подземно и надземно, согласно потребите, во јасно дефинирани инфраструктурни коридори. Постоечката инфраструктура, доколку ја има на локалитетот, ќе се прилагоди и третира во согласност со дадените податоци, информации и мислења од надлежните претпријатија и институции.

Во делот на инфраструктура потребно е да се изврши нејзино оптимално димензионирање. Напојувањето на градбите со електрична енергија, водоснабдувањето, одведувањето на отпадните води, телекомуникациското поврзување, како и поврзувањето на трансформаторската станица со електроненергетската мрежа потребно е да се предвидат во целост согласно обезбедените податоци, информации и мислења од органите, институциите, установите и правни лица кои вршат јавни надлежности.

Како краен резултат птреба да се создадат услови за реализација на функционална фотоволтаична електрана како алтернативен извор на енергија со што ќе се овозможи заштеда на необновливите извори на енергија како еден од основните приоритети во одржливиот развој.

2.4. МЕТОДОЛОГИЈА

Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за ГП 4 со намена Е1.13 – градби за производство на електрична енергија од обновливи извори- фотоволтаична електрана со капацитет поголем од 1MW во КО Сушица, Општина Ново Село ќе се изработи врз основа на методологијата, која произлегува од одредбите утврдени со Законот за урбанистичко планирање („Сл. Весник на РМ“, бр.32/20), Правилникот за урбанистичко планирање („Сл. Весникна РМ“, бр.225/20; 219/21 и 104/22) како и со почитување на останатата законска и подзаконска регулатива поврзана со планирањето и конкретната намена на просторот.

Спроведувањето на Просторниот план подразбира задолжително усогласување со соодветните стратегии, основи, и други развојни програми и како основ за изработка на конкретниот проект треба да се почитуваат општите и посебните услови, насоки и решенија од планската документација од повисоко ниво.

Согласно Условите за планирање на просторот, не е наведено дека се издадени други услови за планирање на просторот за проектниот опфат и во близина на истиот. До општина Ново село, а во согласност со член 47 од Законот за урбанистичко планирање, поднесено е барање за податоци и информации во однос на проектниот опфат преку информацискиот систем е-урбанизам, во постапка бр.43294, на кое во предвидениот рок не е обезбедено мислење. Во понатапошна фаза, да се обезбедат информации во однос на соседни планови или започнати постапки во и околу проектниот опфат и истите да се земат во предвид при изработување на урбанистичкиот проект.

При изработка на урбанистичиот проект вон опфат на урбанистички план, особено треба да се имаат во предвид заклучните согледувања од секторските области опфатени со Просторниот план ан Република Македонија наведени во Условите за планирање на просторот за изградба на градби за производство на електрична енергија од обновливи извори-фотоволтаична електрана (ГП4), КО Сушица, Општина Ново Село, со тех.бр У24422 од јули 2022 година и тоа:

- За наводнување на обработливите површини во ВП „Струмичко Радовишко“ изградени се системи за наводнување кои покриваат површина од 18.432 ха, а се предвидува проширување за нови 8.300 ха. При изработка на урбанистичкиот проект да се утврди местоположбата на постоечката и планирана инфраструктура за навонување и соодветно на тоа да се предвидат мерки, согласно законската регулатива за нивна заштита и непречено функционирање.
- Согласно Просторниот план на РМ, локацијата за изградба на градби нема конфликт со постојните и планираните енергетски водови.

Согласно одговорот на податоци и информации од Електродистрибуција дооел Скопје, бр.10-23/5-160 од 08.06.2022 година, низ планскиот опфат поминува електроенергетска инфраструктура, два надземни водови со јачина 10(20) KV. Истите ќе се каблираат во подземни водови во согласност со услови и позитивно мислење од надлежната институција.

- Според Просторниот план на РМ автопатската и магистралната патна мрежа релевантна за предметниов простор е А4 (М-6) – Граница со Косово-ГП Блаце – крстосница Стенковец - обиколница Скопје-Петровец-Миладиновци-Свети Николе-Штип-Радовиш-Струмица-гр.со Бугарија-ГП Ново Село). Релевантниот регионален патен правец за предметната локација влегува во групата на регионални патичта „Р1“и се со ознака: Р1302 – (Делчево – врска со А3-Пехчево-Берово-Дабиле-врска со А4).

При планирање да се почитува Законот за јавни патишта („Сл.Весник на РМ“ бр.84/08, 52/09, 114/09, 124/10, 23/11, 53/11, 44/12, 168/12,163/13, 187/13, 39/14, 42/14, 166/14, 44/15, 116/15, 150/15, 31/16, 71/16 и 163/16).

- Согласно добиениот допис од ЈПДП, бр.10-5309/2 од 01.06.2022 година, констатирано е дека предметниот проектен опфат не граничи со државен пат кој е во надлежност на Јавното претпријатие за државни патишта.
- Согласно синтезните карти од Изводот од просторниот план на РМ, карта бр.20 и карта бр.22 во близина на планскиот опфат поминува траса на планирана железничка линија и согласно истото, во текот на изработката на урбанистичкиот проект, задолжително да се обезбедат податоци и информации и мислење од ЈП

Македонски железници Инфраструктура, во врска со планираната траса на железничка инфраструктура.
- При планирање да се почитува Законот за железничкиот систем („Сл.Весник на РМ“ бр.91/13 – пречистен текст, 163/13, 42/14, 130/14, 152/15, 31/16, 178/16, 64/18) и Законот за сигурност на железничкиот систем („Службен Весник на РМ“, бр.48/10, 23/11, 53/11, 158/11, 137/13, 163/13, 42/14, 166/13, 42/14, 166/14, 147/15, 193/15, 31/16, 52./16, 63/16, 71/16, 35/18, 64/18 и 22/20).
- Со цел да се обезбеди заштита и унапредување на животната средина при изградба на градби за производство на електрична енергија од обновливи извори, потребно е да се почитуваат одредбите пропишани во законската регулатива од областа на заштита на животната средина и подзаконските акти донесени врз нивна основа.
- Согласно податоците од Експертниот елаборат за заштита на културното наследство и Археолошката карта на Република Македонија на подрачјето на катастарската општина Сушица, има евидентирани недвижни споменици на културата и археолошки локалитети. При изработка на проектната документација потребно е да се утврди точната локација на евидентираното културно наследство и во таа смисла да се применат соодветни плански мерки за заштита. Доколку при изведување на земјаните работи се наиде на археолошки артефакти, односно дојде до откривање на материјални остатоци со културно историска вредност, потребно е да се постапи согласно Законот за заштита на културно наследство (Службен весник на РМ , бр. 20/04, 115/07, 18/11, 148/11, 23/13, 137/13, 164/13, 38/14, 44/14, 199/14, 104/15, 154/15, 192/15, 39/16, 11/18 и 20/19) односно веднаш да се запре со отпочнатите градежни активности и да се извести надлежната институција за заштита на културното наследство.

- Локцијата се наоѓа во простори со високстепен на загрозеност од воени дејства. Според тоа во согласност со Законот за заштита и спасување, задолжително треба да се применуваат мерките за заштита и спасување.

- Задолжително да се применуваат мерките за заштита од пожар.

- Задолжително да се применува нормативно-правна регулатива со која се уредени постапките, условите и барањата за постигнување на технички конзистентен и економски одржлив степен на сеизмичка заштита со оглед на тоа што анализираниот простор се наоѓа во подрачје каде се можни потреси со јачина од VIII степени по МКС.

Насоки за потребата од спроведување на Стратегиска оцена на влијанието врз зивотната средина:
- При донесувањето на Одлука за спроведување или Одлука за неспроведување на стратегиска оцена за предметниот простор за изградба на градби за производство на електрична енергија од обновливи извори – фотоволтаична електрана, КО Сушица, општина Ново Село, задолжително да се земат во предвид насоките за потреба од спробедување на Стратегиска оцена на влијанието врз животната средина како и забелешките и заклучоците од секторските области опфатени со Просторниот план на РМ.

Покрај проектниот опфат поминува воден тек со катастарска култура река на КП 5581 и КП 5575 со катастарска култура земјиште под води, и истиот ќе добие третман во понатамошна фаза при изработување на урбанистичкиот проект.

Изработил:

Андреј Лазаров, дипл. инж.арх со овластување бр. 0,0387

Кристина Делева, дипл. маг. инж.арх

ГРАФИЧКИ ДЕЛ

ПРОЕКТНА ПРОГРАМА ЗА ИЗРАБОТКА НА УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ
ВОН ОПФАТ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ГПИ СО НАМЕНА Е-1.13 - ГРАДБИ ЗА ПРОИЗВОДСТВО НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА ОД ОБНОВЛИВИ ИЗВОРИ - ФОТОВОЛТАИЧНА ЕЛЕКТРАНА СО КАПАЦИТЕТ ПОГОЛЕМ ОД 1 MW, КО СУШИЦА, ОПШТИНА НОВО СЕЛО

M=1:1000

ЛЕГЕНДА:

- ГРАНИЦА НА ПРОЕКТЕН ОПФАТ 7,1 КА
- МАГИСТРАЛЕН ПАТ А4 (М-6)
- НАСЕЛЕНО МЕСТО - СЕЛО СУШИЦА

НОСИТЕЛ НА ИЗРАБОТКАТА: ЕКОЛОГ ИНЖЕНЕРИНГ ДООЕЛ Скопје, ул. „Ѓорче Петров" бр. 2, 1000 Скопје, Р.Македонија, тел./факс: +389 2 3117 - 000, www.ecoengineering.mk	ОДГОВОРЕН УРБАНИСТ: Ивица Ристовски, дипл.инж.арх.	ОДГОВОРЕН ИЗРАБОТУВАЧ: Ивица Ристовски, дипл.инж.арх.	ОДГОВОРЕН ДИЗАЈНЕР: Ивица Ристовски, дипл.инж.арх.
ДИРЕКТОР: Стојанче Ристовски, дипл.инж.маш.	ДИРЕКТОР: Стојанче Ристовски, дипл.инж.маш.	ДИРЕКТОР: Стојанче Ристовски, дипл.инж.маш.	ДАТУМ: Мај, 2022
ОДГОВОРЕН ИЗРАБОТУВАЧ: Ивица Ристовски, дипл.инж.арх.			БРОЈ НА ПРОЕКТ: 01-2022
ДИРЕКТОР: Ивица Ристовски, дипл.инж.арх.	ИЗРАБОТКА НА ПРОЕКТОТ: ПРОЕКТНА ПРОГРАМА ЗА ИЗРАБОТКА НА УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ		ПРИЛОГ: 01

ПРОЕКТНА ПРОГРАМА ЗА ИЗРАБОТКА НА
УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ
ВОН ОПФАТ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ГП4
СО НАМЕНА Е-1.13 - ГРАДБИ ЗА ПРОИЗВОДСТВО
НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА ОД ОБНОВЛИВИ
ИЗВОРИ - ФОТОВОЛТАИЧНА ЕЛЕКТРАНА СО
КАПАЦИТЕТ ПОГОЛЕМ ОД 1 MW, КО СУШИЦА,
ОПШТИНА НОВО СЕЛО

M=1:1000

ЛЕГЕНДА:

ГРАНИЦА НА ПРОЕКТЕН ОПФАТ 7,06 ХА

ГРАНИЦА НА ПРОЕКТЕН ОПФАТ ЗА АЖУРИРАЊЕ
(20 m од опфат)

NARA^ATEL	DUPT LEBED AS SU[ICA	
DOKUMENTACIONA OSNOVA		STADIUM
GRAFI^NI PRILOG	A'urirana geodetska podloga za K.P.4091 vo K.O.SU[ICA	RAZMER 1 : 1000 / BR.
	Merewata gi izvr[i: Vorge Zaprov dipl.geo. b'ber	DATA: 06.04.2022 / PRILOG

LEGENDA

GRAFI^NI PRIKAZ NA TOPOGRAFSKI ZNAK	OPIS NA ZNAKOT
4091	BROJ NA PARCELA
9	BROJ NA DETALNA TO^KA
	GRANICA NA PARCELA
223.48	VISINA NA DETALNA TO^KA
Z	ZNAK ZA ZEMJI^NA PRE[METKOST
	GRANICA NA OPFAT
	OPFAT NA ZMAJAWE
	STOLB NA DALEWOD

ПЛАНЕРСКА ФИРМА:
Друштво за производство, градежништво, трговија и услуги "ЕВРО - ДЕКОР" ДОО увоз - извоз "ОХРИДСКА" БР. 82, КОЧАНИ

УПРАВИТЕЛ: Андреј Лазаров

БРОЈ НА ЛИЦЕНЦА: 101 (од 19.03.2018г.)

НАЗИВ НА ПРОЕКТНА ПРОГРАМА: ПРОЕКТНА ПРОГРАМА ЗА УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ ВОН ОПФАТ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ГП 4, СО НАМЕНА Е-1.13 ГРАДБИ ЗА ПРОИЗВОДСТВО НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА ОД ОБНОВЛИВИ ИЗВОРИ - ФОТОВОЛТАИЧНА ЕЛЕКТРАНА

КАТАСТАРСКА ОПШТИНА: КО СУШИЦА

АДМИНИСТРАТИВНА ОПШТИНА: ОПШТИНА НОВО СЕЛО

ТЕХНИЧКИ БРОЈ: 04-05/2022

РАЗМЕР: 1:1000

ИНВЕСТИТОР: ДПТУ „БЕКОВАТ ГРУП" ДОО НОВО СЕЛО

СЕДИШТЕ НА ИНВЕСТИТОР: ул." МАРШАЛ ТИТО" бр.44, с. Ново Село

ОДОБРУВАЧ: МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРАНСПОРТ И ВРСКИ

ДАТУМ: АВГУСТ, 2022

МЕСТО: СКОПЈЕ

ОДГОВОРЕН ПЛАНЕР: Андреј Лазаров, дипл. инж. арх.

СОРАБОТНИК: Кристина Делева, м-р. инж. арх.

ПРЕДМЕТ ПРОЕКТНА ПРОГРМА

ПРИЛОГ: АЖУРИРАНА ГЕОДЕТСКА ПОДЛОГА СО ПРОЕКТЕН ОПФАТ

РЕДЕН БРОЈ: 02

ПРИЛОЗИ НА ТЕКСТУАЛНИОТ ДЕЛ НА ПРОЕКТНАТА ПРОГРАМА

ПОДАТОЦИ И ИНФОРМАЦИИ ОД ИНСТИТУЦИИ

Согласно член 47 од Законот за урбанистичко планирање, побарани се податоци и информации од следниве институции:

1. **Агенција за електронски комуникации**
2. **Агенција за цивилно воздухопловство**
3. **ГА-МА АД Скопје**
4. **ДЗС – подрачно одделение, Струмица**
5. **ЕВН, КЕЦ Струмица,**
6. **ЕЛЕМ/ЕСМ**
7. **Јавно претпријатие за државни патишта**
8. **ЈП „Комуналец“, Струмица,**
9. **ЈП МАКЕДОНСКИ ЖЕЛЕЗНИЦИ – Инфраструктура**
10. **Акционерско друштво за вршење енергетски дејности - НЕР Скопје**
11. **Телеком - АД Скопје**
12. **АД Пренос на електрична енергија и управување со електро енергетскиот систем МЕПСО**
13. **Министерство за животна средина и просторно планирање, Сектор природа**
14. **Министерство за животна средина и просторно планирање -управа за животна средина - Сектор води**
15. **Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство**
16. **Министерство за одбрана**
17. **Министерство за труд и социјална политика**
18. **Јавно претпријатие за водовод и канализација – Струмица**
19. **Министерство за образование**
20. **Министерство за култура -Управа за заштита на културно наследство**
21. **Агенција за катастар на недвижности**
22. **МВР**
23. **ЈПКД „Комуна“, Ново Село**

Добиени податоци и информации:

- **Податоци и информации од Агенција за цивилно воздухопловство, бр.12-8/509 од 23.05.2022 година.**
- **Податоци и информации од Телеком - АД Скопје, бр.43294 од 02.06.2022 година.**
- **Податоци од АД Пренос на електрична енергија и управување со електро енергетскиот систем МЕПСО, бр.11-3043/1 од 27.05.2022 година.**

- **Податоци од Агенција за електронски комуникации, бр.1404-1620/2 од 03.06.2022 година.**
- **Податоци од Јавно претпријатие за државни патишта, бр.10-5309/2 од 01.06.2022 година.**
- **Податоци од Дирекција за заштита и спасуваање – Подрачно одделение за заштита и спасување – Струмица, бр.09-186/2 од 25.05.2022 година.**
- **Податоци и информации од Електродистрибуција дооел Скопје, бр.10-23/5-160 од 08.06.2022 година.**

АГЕНЦИЈА ЗА ЦИВИЛНО ВОЗДУХОПЛОВСТВО

До: **ЕВРО-ДЕКОР ДОО Кочани**

Предмет: Доставување на податоци и информации

Врска: Ваш бр. / од 19.05.2022 година
(e-urbanizam, постапка бр. 43294*)*

бр. 12-8/509

Скопје, 23.05.2022 година

Почитувани,

Врз основа на вашето барање, а согласно Законот за урбанистичко планирање, Ве известуваме дека стручните служби во Агенцијата за цивилно воздухопловство ја разгледаа приложената документација за изработка на

"Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за ГП 4 со намена Е1.13 – градби за производство на електрична енергија од обновливи извори- фотоволтаична електрана со капацитет поголем од 1MW, КО Сушица, Општина Ново Село"

при што утврдија дека во предметниот опфат нема објекти, инсталации, уреди или било какви структури од областа на цивилното воздухопловство, а градбите во планскиот опфат не претставуваат препрека и нема да влијаат на безбедноста на цивилниот воздушен сообраќај, поради што истиот **може да се планира без посебни услови и ограничувања** од аспект на безбедноста на воздушниот сообраќај.

За дополнителни информации може да не контактирате на телефон 02/3181-609, секој работен ден од 7.30-15.30 часот.

Ви благодариме на соработката.

Со почит,

Biljana Jovanova

Digitally signed by Biljana Jovanova
DN: c=MK, ou=VAT - 4080010516712, 2.5.4.97=NTRMK-6648649, o=Agencija za civilno vozduhoplovstvo, serialNumber=168951, title=vozduhoploven inspektor, sn=Jovanova, givenName=Biljana, cn=Biljana Jovanova
Date: 2022.05.23 13:29:21 +02'00'

Билјана Јованова
(по овластување од Директорот бр.02-46/1 од 13.01.2021 година

Наш број: 1404-1620/2
Скопје: 03 .06.2022 г.

ДО:
ЕВРО-ДЕКОР ДОО
ул.Охридска бр. 82
Кочани

Предмет: Одговор за барање за мислење
Врска: Ваш број : преку е-урбанизам

Согласно вашето барање за доставување на податоци за изградени електронски комуникациски мрежи, а во врска изработка на **Проектна Програма за "Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за ГП 4 со намена Е1.13 – градби за производство на електрична енергија од обновливи извори-фотоволтаична електрана со капацитет поголем од 1MW КО Сушица, Општина Ново Село"**, према доставената ситуација, во прилог ви доставуваме податоци со кои во моментов располага Агенцијата за електронски комуникации.

Прилог:
-Податоци на изградени јавни
Електронски комуникациски мрежи- во електронска форма

Сектор за телекомуникации

Изработил: Б.Илиоска 30.05..2022г
Раководител на сектор:Борис Арсов
Советник на директорот: Игор Бојаџиев

ДИРЕКТОР:
Jeton Akiku

АЕК-401.03

Бр/Nr. 10-5309/2
01-06-2022
Скопје/Shkup_____година/viti

ДО ЕВРО-ДЕКОР доо
ул. Охридска бр. 82
2300 Кочани

Предмет:Податоци и информации

Почитувани,

Врз основа на Вашето Барање број (нема) од 05.2022 год. за добивање податоци и информации за постоечки и планирани инсталации, инфраструктури и објекти на територијата означена во графичкиот прилог, во врска со Проектна Програма за „Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за ГП 4 со намена Е1.13-градби за производство на електрична енергија од обновливи извори-фотоволтаична електрана со капацитет поголем од 1MW, КО Сушица, општина Ново Село“, Ве известуваме:

Стручната служба при Јавното претпријатие за државни патишта, го разгледа пристигнатиот прилог, заверен со евиденциски број на Јавното претпријатие 10-5309/1 од 27.05.2022 година:

- Ажурирана геодетска подлога.

Од доставениот и разгледан прилог констатирано е дека предметниот проектен опфат не граничи со државен пат кој е во надлежност на Јавното претпријатие за државни патишта.

Со почит,

Директор
Ejup Rustemi

Изработил: Драгица Гашпарова
Контролирал: Зоран Велков
Одобрил: d-r Ejup Latifi

СПОДЕЛИ ДОЖИВУВАЊА

Македонски Телеком АД - Скопје
Кеј 13 Ноември бр.6, 1000 Скопје

Бр: 43294
Дата: 02.06.2022

До
ЕВРО - ДЕКОР ДОО,
Ул. Охридска, бр. 82, Кочани

Ваше упатување	Барање на податоци и информации
Наше контакт лице	Перо Ѓорѓески, Елизабета Манева
Телефон	+389 70 200 736; +389 70 200 571
Во врска со	Известување за планирани и постојни тк инсталации

Почитувани,
Во врска со Вашето Барање, добиено преку системот е-урбанизам, со кое што барате податоци за изработка на Проектна Програма за "Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за ГП 4 со намена Е1.13 – градби за производство на електрична енергија од обновливи извори- фотоволтаична електрана со капацитет поголем од 1MW КО Сушица, Општина Ново Село" , Ве известуваме дека во границите на планскиот опфат нема постојна МКТ инфраструктура.

Напомена: Информациите содржани во овој документ се доверливи и тие се наменети за користење само од страна на примателот. Примателот е обврзан да превземе разумно ниво на грижа заради заштита на доверливите информации содржани во документот. Воедно, примателот е обврзан документот или било кој дел од неговата содржина да не го открива или дистрибуира на трети лица кои не се засегнати со актуелниот предмет, а заради спречување на можни злоупотреби.

Со почит,

Македонски Телеком АД Скопје

По овластување на

Директор на сектор за пристапни мрежи

Васко Најков

NIKOLChE TASEVSKI
Digitally signed by NIKOLChE TASEVSKI
Date: 2022.06.02 14:10:10 +02'00'

ЕЛЕКТРОДИСТРИБУЦИЈА ДООЕЛ Скопје
Друштво за дистрибуција на електрична енергија
Бр. 10-23/5-160 од 08.06.2022
Скопје

Одговорно лице: Цветомир Јованоски

Контакт телефон: 072/ 932-596

Предмет: Издавање на податоци за електроенергетски објекти и инфраструктура од ЕЛЕКТРОДИСТРИБУЦИЈА ДООЕЛ, Скопје

Почитувани,

Во врска со Вашиот допис, со кој барате да Ви издадеме податоци за електроенергетски објекти и инфраструктура од ЕЛЕКТРОДИСТРИБУЦИЈА ДООЕЛ, Скопје за изработка **Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за ГП 4 со намена Е1.13 – градби за производство на електрична енергија од обновливи извори-фотоволтаична електрана со капацитет поголем од 1MW КО Сушица, Општина Ново Село,** Ве известуваме дека во согласност со податоците од службената евиденција, располагаме со следните податоци

☐ 110(35)kV Трафостаница
☐ 110kV Подземна мрежа
☐ 110kV Надземна мрежа
☐ 35kV Подземна мрежа
☐ 35kV Надземна мрежа

☐ 10(20)/0.4kV Трафостаница
☐ 10(20)kV Подземна мрежа
☒ 10(20)kV Надземна мрежа

☐ 0.4kV Подземна мрежа
☐ 0.4kV Надземна мрежа

☐ Друго

Составен дел на овој одговор е и прилог – графички приказ (подлога во pdf и dwg формат со соодветно обележани леери) со вцртани електроенергетски објекти и инфраструктура според податоците од службената евиденција.

НАПОМЕНА: Податоците кои ви ги даваме се од наша службена евиденција и постои можност да има отстапување во точноста на координатите на електроенергетските објекти на терен. Задолжително да се изготви ажурирана геодетска подлога која треба точно да ги претставува положбените и висинските податоци за сите видливи природни и изградени објекти под и над површината на земјата во рамки на опфатот.

Приклучувањето на објектот на дистрибутивната електроенергетска мрежа се врши во согласност со Мрежните правила за дистрибуција на електрична енергија. По направена првична анализа, нема можност за приклучок на производителот на постојната дистрибутивна мрежа.

Задолжително да се предвиди заштитен појас на електроенергетските објекти согласно Мрежните правила за дистрибуција на електрична енергија

При постоење на подземна инфраструктура во дадениот опфат, потребно е да се обратите до најблискиот Корисничко Енерго Центар, за проценка дали е потребно присуство на стручен вработен на лице место при реализирањето на активностите во предметниот опфат.

Потврдата е од ограничено времетраење во рок од 3 месеци од датумот на нејзиното издавање.

Со почит,

Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје
Оддел Мрежен Инженеринг

Cvetomir Jovanoski Digitally signed by Cvetomir Jovanoski
Date: 2022.06.08 08:19:31 +02'00'



МЕПСО

Максим Горки бр.4, 1.000 Скопје
Т: Кабинет на генерален директор
+ 389 (0) 2 3 149 811
Подружница СЕЛС
+ 389 (0) 2 3 149 814
Подружница ОПМ
+ 389 (0) 2 3 149 813
Ф: + 389 (0) 2 3 111 160
www.mepso.com.mk

До

ЕВРО ДЕКОР

ул. Охридска бр. 82

Кочани

Бр.11-3043/1

27.05.2022

Предмет: Податоци за постојни и планирани електро енергетски објекти

Врз основа на Вашето барање од 19.05.2022 год., предмет креиран на Е-урбанизам на 19.05.2022 година со број на постапка 43294, (наш број 11-3043 од 26.05.2022 година) за податоци и информации за изработка на Урбанистички проект вон опфат на Урбанистчки план за ГП 4 со намена Е1.13 – градби за производство на елктрична енергија со обновливи извори – фотоволтаична електрана со капацитет поголем од 1 MW, КО Сушица во Општина Ново Село, Ве известуваме дека предметниот плански опфат **НЕ СЕ ПРЕСЕКУВА** со ЕЕ објекти во сопственост на АД МЕПСО.

Makedonski Telekom CA, ELI POPOVSKA

Digitally signed by Makedonski Telekom CA, ELI POPOVSKA
Date: 2022.05.27 14:51:28 +02'00'

Изработил: Александар Костевски

Проверил: Јасмина Ставрова

по овластување од Генерален директор
бр.02-10/112 од 06.03.2019 год.
Раководител на Служба за ГИС
и геодетски работи

25 Мај 2022

Архивски број: 09-186/2

ДО
ДПГТУ „ЕВРО ДЕКОР“ ДОО Кочани

Предмет: Податоци, доставува.-
Врска: Ваш акт од мај 2022 година.-

Согласно чл. 32 став 1 од Законот за просторно и урбанистичко планирање Дирекцијата за заштита и спасување Подрачно одделение Валандово информира:

Почитувани,

Ве известуваме дека Дирекцијата за заштита и спасување не располага ниту има податоци за постоечка или планирана инфраструктура на планскиот опфат за **изработка на Урбанистички проект вон опфат на УП за ГП 4 со намена Е1.13 – градби за производство на елекрична енергија од обновливи извори – фотоволтаична електрана со капацитет поголем од 1 MW КО Сушица, Општина Ново Село.**

Исто така, во прилог на дописот, Дирекцијата за заштита и спасување Ви доставува претходни услови за заштита и спасување со цел истите да се вградат при **изработка на Урбанистички проект вон опфат на УП за ГП 4 со намена Е1.13 – градби за производство на елекрична енергија од обновливи извори – фотоволтаична електрана со капацитет поголем од 1 MW КО Сушица, Општина Ново Село.**

Во делот **МЕРКИ ЗА ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ,** да се опфатат следните мерки:

1. ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ ОД ПОЖАРИ, ЕКСПЛОЗИИ И ОПАСНИ МАТЕРИИ

При изработка на Основен проект за објектите кои се предвидува да бидат изградени од цврста градба (придружни објекти), треба да се почитуваат пропишаните мерки за заштита од пожари, согласно Законот за заштита и спасување (Сл. Весник на РСМ бр. 36/04, 49/04, 86/08, 18/11 и 93/12), Законот за пожарникарство (Сл. Весник на РСМ бр 67/04, 81/07, 55/13) и другите позитивни прописи со кои е регулирана оваа област.

Во однос на заштитата од пожари, во наведената документација да се реши и громобранската инсталација, со цел да нема појава на зголемено пожарно оптоварување.

2. ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ ОД УРНАТИНИ

Заштитата од урнатини, како превентивна мерка, се утврдува во урбанистичките решенија во текот на планирање на просторот, урбанизирање на населбите и изградбата на објектите.

Во урбанистичките решенија се утврдува претпоставениот степен на урнатини, нивниот однос према слободните површини и степенот на проодност на сообраќајниците. При проектирањето да се води сметка да не се создаваат тесни грла на сообраќајниците и зони на тотални урнатини.

Дирекција за заштита и спасување
Подрачно одделение за заштита
и спасување Струмица
ул. „Моша Пијаде“ бб
2400 Струмица
Република Северна Македонија
Тел. 034 328 885
076 475 429
e-mail: Strumica@dzs.gov.mk

Заштитата од урнатини се обезбедува со изградба на оптимално отпорни објекти согласно сеизмолошката карта на РСМ, кои се изградени со помала количина на градежен материјал и релативно помали тежини.

3. **ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ ОД ПОПЛАВИ, УРИВАЊЕ НА БРАНИ И ДРУГИ АТМОСФЕРСКИ НЕПОГОДИ**

При изработка на Урбанистичката Планска Документација да се предвидат и пропишат мерките за заштита од поплави, уривање на брани и други атмосверски непогоди согласно Законот за заштита и спасување ("Службен весник на РМ" бр. 36/04, 49/04 и 86/08), и другите позитивни прописи со кои е регулирана оваа област.

4. **ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ ОД СВЛЕКУВАЊЕ НА ЗЕМЈИШТЕТО**

При изработка на Државната урбанистичка планска документација, со оглед на конфигурацијата на теренот, претпоставува можно настанување на свлекување на земјиштето, потребно е да се изготви елаборат од извршени геомеханички, геолошки и хидролошки испитувања.

5. **РАДИОЛОШКА, ХЕМИСКА И БИОЛОШКА ЗАШТИТА**

Да се предвидат мерките за радиолошка, хемиска и биолошка заштита.

Согласно Процената на загрозеност од природни непогоди и други несреќи на опфатот за кој се однесува урбанистичкиот план, а имајки ги предвид одредбите од Законот за заштита и спасување-пречистен текст (Сл. Весник на РСЛ бр. 93/12), може да се вградат и други мерки за заштита и спасување.
Исто така, при проектирањето, да се имаат предвид одредбите од Правилникот за мерки за заштита и спасување од пожари, експлозии и опасни материи. (Сл весник на РСМ број 32/11), како и обврската при изградба на објекти да се изготвува техничка документација – елаборат за заштита од пожари, експлозии и опасни материи кој е дел од процесот за добивање на одобрение за градење.

Откако ќе ги разработите и вградите условите за заштита и спасување во Урбанистичката документација за **изработка на Урбанистички проект вон опфат на УП за ГП 4 со намена Е1.13 – градби за производство на елекрична енергија од обновливи извори – фотоволтаична електрана со капацитет поголем од 1 MW КО Сушица, Општина Ново Село,** да ја доставите до Дирекцијата за заштита и спасување, за да добиете мислење за застапеност на мерките за заштита и спасување.

ПОДРАЧНО ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ СТРУМИЦА
Овластено лице
Марјан Даутов

MARJAN DAUTOV

Digitally signed by MARJAN DAUTOV
DN: c=MK, o=DZS, 2.5.4.97=VATMK-4030004532350, ou=DZS:4030004532350, sn=DAUTOV, givenName=MARJAN, serialNumber=CRT3610620, cn=MARJAN DAUTOV
Date: 2022.05.25 10:24:05 +02'00'

Доставено до:
- Насловот
- Архива

Дирекција за заштита и спасување
Подрачно одделение за заштита и спасување Струмица
ул. „Моша Пијаде" бб
2400 Струмица
Република Северна Македонија
Тел. 034 328 885
076 475 429
e-mail: Strumica@dzs.gov.mk